# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

18 ноември 2022 | Излегува по потреба | Година XVII | број 12



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/18 и 11/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Изборите за членовите на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се одржат со тајно гласање на **10 и 11 декември 2022 година** во период од 17 - 20 часот.

**Член 3**

Предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се примаат на 26 и 27 ноември 2022 година, во период од 10 - 14 часот.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6861/1**
**од 18 ноември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 1

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 12/22**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk